РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Бр. Су-02-4/23
23.05 2023 год.
ВИНИЦА

Друштво за информатички инженеринг
НЕОКОМ АД увоз-извоз
Бр.0307-191/1
23.05 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ
## - UPS уреди за непрекинато напојување

Склучен на ден 22.05.2023 година, помеѓу:

## ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

1. **Основен суд Виница**, со адреса „Бел Камен“ бр.11, ЕМБ ЕДБ , застапуван од Претседателот на судот, Сузана Спасова како Договорен орган - Набавувач, од една страна и

2. **Друштво за информатички инженеринг „НЕОКОМ“ АД увоз-извоз Скопје,** со седиште на Бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр.15 Скопје, ЕМБС и ЕДБ застапуван од Генералниот директор Владислав Попов, како Носител на набавката - Добавувач, од друга страна.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
### Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на стоки - уреди за непрекинато напојување, што Набавувачот ќе ги набавува од Добавувачот кој е избран за најповолен понудувач по спроведената набавка од мала вредност со објавување Оглас број 07812/2023 преку ЕСЈН, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда за јавна набавка на стоки - Уреди за непрекинато напојување број Су-02-4/23 од 10.05.2023 година.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
### Член 2

Цената на стоките изнесува:

| Ред бр. | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Процент на ДДВ изразен во % | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 = (3*4) |
| 1 | UPS уред за непрекинато напојување марка Eaton UPS 1/1 phase, 1,6kVA - Ellipse ECO 1600 USB DIN | парче | 12 | 15.833,оо | 18 | 189.996,оо |

Вредноста на предметот на набавката изнесува **189.996,оо** (сто осумдесет и девет илјади деветстотини деведесет и шест) денари без вклучен ДДВ односно **224.195,оо** (двесте дваесет и четири илјади сто деведесет и пет) денари со вклучен ДДВ. Износот на ДДВ изнесува: 34.199,оо денари.

Корекција на цената на предметот на Договорот за јавна набавка не е дозволена и истата ќе остане фиксна за целото времетраење на Договорот.

## ДИНАМИКА, НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА
**Член 3**

Добавувачот е должен стоките предмет на овој договор, да ги испорача во просториите на договорниот орган - Набавувач - Основен суд Виница, ул.„Бел Камен“ бб Виница, на сопствен трошок, а во согласност со одредбите од Договорот и условите утврдени во договорот по вид на стоки и количини во прифатената најповолна понуда.

Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го испорача во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот.

Испораката на стоката се смета за извршена со реализирање на сите обврски и потпишувањето на соодветен документ од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА
**Член 4**

При изготвување на фактурата, Добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:

-назив на Набавувачот, место, седиште, ЕМБС, ЕДБ
-број и датум на Договорот
-број на сметка и банка на депонент на Добавувачот
-количини со опис и единични цени согласно понудата
-износ на ДДВ
-вкупен износ на фактурата со вклучен ДДВ
-датум на издавање на фактура и валута на плаќање
-други податоци согласно закон.

Заедно со фактурата Добавувачот е должен да достави и уредно заверен примерок од документот за испорака.

Доколку некој од елементите на фактурата не е наведен или заедно со фактурата не е доставен соодветен документ, Набавувачот има право да ја врати доставената фактура на корекција, а рокот за исплата на фактурата започнува да тече од денот на прием на коригираната фактура. Во ваков случај Добавувачот нема право да бара законска казнена камата.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
**Член 5**

Во случај на доцнење со испораката на стоките од страна на Добавувачот, неисполнување или неуредно исполнување на договорните обврски, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна - пенали, а може и да го раскине договорот со изјава која му ја доставува на носителот на набавката.

За секој ден задоцнување во однос на рокот на испораката на предметот на набавката, неисполнувањето или неуредно исполнување на договорните обврски, Добавувачот се обврзува да плаќа казнени пенали во висина од 0,1% од вкупната вредност на Договорот, но не повеќе од 10% од вкупната вредност на Договорот.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ
**Член 6**

Набавувачот се обврзува плаќањето на стоките предмет на овој договор на Добавувачот да го изврши во рок од 30 дена по целосно извршена испорака и коректно доставена фактура.

Во случај Набавувачот да не ја плати фактурата во договорениот рок, Добавувачот има право на законска казнена камата.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 7**

Договорниот орган и Носителот на набавката немаат право на промена на цената на стоката.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Договорот се склучува на определено време за период од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на склучувањето на договорот.

## КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 9**

Квалитативен и квантитативен прием на стоката предмет на овој Договор врши Набавувачот, со соодветен документ потпишан од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува дали квалитетот и квантитетот на испорачаната стока предмет на набавка одговора на спецификациите и количини наведени во понудата која е прилог на Овој Договор.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 10**

За квалитетот на предметот на набавката гарантира Добавувачот и истиот се обврзува дека стоката ќе биде во согласност со техничката и финансиската понуда која е дел од Договорот за јавна набавка и во согласност со важечките стандарди и прописи.

Материјален или технички недостаток постои:

-ако предметот на набавка ги нема потребните својства за негова редовна употреба

-ако предметот на набавка ги нема својствата и одликите што се изрично договорени или пропишани.

**Член 11**

Кога по приемот на предметот на набавката од страна на Набавувачот ќе се покаже дека предметот на набавка има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на предметот на набавката (скриен недостаток), Набавувачот е должен за тој недостаток да го извести Добавувачот веднаш.

Во известувањето за недостатокот на предметот на набавката Набавувачот е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Добавувачот да го прегледа предметот на набавка.

Добавувачот изречно се согласува за замена на предметот на набавката доколку се установи негова неисправност по доставувањето и неможност да се поправи.

**Член 12**

Набавувачот не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска предметот на набавка да го прегледа без одлагање или обврската во определениот рок да го извести Добавувачот за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на 6 (шест) месеци од предавањето на предметот на набавка, но само ако тој недостаток му бил познат на Добавувачот или не можел да му остане непознат.

## ГАРАНТЕН ПЕРИОД И СЕРВИСИРАЊЕ

**Член 13**

Гарантниот рок на предметот на набавката е даден во техничката спецификација на понудата која е дел од овој Договор и изнесува 2 (две) години, а започнува да тече од денот на испораката.

Трошоците за сервисирање во гарантниот период, на техничките недостатоци кои настанале при нормално користење на предметот на набавката, без право на надомест, паѓаат на товар на Добавувачот.

**Член 14**

Во случај да неисправноста или недостатокот на предметот на набавката Добавувачот не е во состојба да го отстрани во законски пропишаниот рок, Набавувачот има право да:

- бара замена за опремата која е предмет на набавката со нова неупотребувана иста таква опрема или подобра
- бара раскинување на Договорот, враќање на платениот износ и надомест на штета што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на предметот на набавката од моментот на барањето за отстранување на неисправноста или недостатокот до моментот на доставеното писмено известување до Набавувачот дека не е можно отстранување на неисправноста или недостатокот предмет на набавката и дека не е можна замена на опремата со нова неупотребувана.

**Член 15**

Набавувачот не смее да го сервисира и одржува предметот на набавката во сервисен центар кој нема овластување од производителот на опремата.

Во таков случај сите штети настанати при тоа, паѓаат на товар на Набавувачот и Набавувачот ја губи гаранцијата.

Набавувачот не смее да дозволи никаква интервенција врз предметот на набавката дури ни од овластен сервис ако претходно не потпишал сервисен налог, во спротивно ја губи гаранцијата.

Добавувачот се обврзува да обезбеди резервни делови и работна рака - сервис за предметот на овој Договор и вон гарантен период во период од 3 години, сметано по истекот на гарантниот период .

## ВИША СИЛА

**Член 16**

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една од договорните страни да не биде одговорна кон друга за загуба, повреда или неисполнување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од Виша сила.

За виша сила се сметаат сите ситуации кои се предизвикани од надворешни, непредвидливи и неотстранливи околности, особено (но неограничувајќи се на): штети предизвикани од елементарни непогоди: ветер, пожар, поплава, гром и земјотрес, штрајкови, карантини и сл., на начин како што е регулирано со Законот за облигационите односи.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување, договорени нови услови за исполнување или за раскинување на Договорот.

## ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 17**

До предавањето на стоката на Договорниот орган, ризикот за случајна пропаст или оштетување на стоката го поднесува Носителот на набавката, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз Договорниот орган.

Ризикот не преминува врз Договорниот орган ако тој поради некој недостаток на предадената стока го раскинал договорот или барал замена на стоката.

**Член 18**

Ако предавањето на стоката не е извршено поради задоцнување на Договорниот орган, ризикот преминува врз Договорниот орган во моментот кога паднал во задоцнување.

**Член 19**

Кога поради задоцнување на Договорниот орган ризикот преминал врз Договорниот орган пред предавањето на стоката, Носителот на набавката е должен да ја чува стоката со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин и за таа цел да ги преземе потребните мерки.

Истото важи и за Договорниот орган кога стоката му е врачена, а тој сака да му ја врати на Носителот на набавката, било поради тоа што го раскинал договорот, било поради тоа што барал друга стока наместо испорачаната.

И во едниот и во другиот случај договарачот кој е должен да ги преземе мерките за зачувување на стоката има право на надомест на трошоците потребни заради зачувување на стоката.

**Член 20**

Договорниот орган кој не сака да ја прими стоката што му е упатен во местото на определувањето и таму ставена на располагање, должен е да ја преземе за сметка на Носителот на набавката, ако овој не е присутен во местото на определувањето, ниту таму има некој што би ја превзел за него, а под услов ако е тоа можно без исплата на цената и без поголеми незгоди или претерани трошоци.

**ОБЕСШТЕТУВАЊЕ**

**Член 21**

Добавувачот е должен на набавувачот да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на предметот на набавката согласно Законот за облигационите односи и Законот за заштита на потрошувачи.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 22**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не можат да ги решат спогодбено во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи ќе ги решава стварно и месно надлежниот суд во Кочани.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 23**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорот може да се раскине и согласно одредбите од член 120 од Законот за јавните набавки.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање и по писмен пат.

Доколку Договорот се раскине пред истекот на рокот определен во член 8 од овој Договор по вина на Добавувачот, Добавувачот ќе му ја надомести штетата на Набавувачот.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ
### Член 24

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

Договорните страни, при извршување на Договорот, ќе ги преземат сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН
### Член 25

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во РСМ.

## ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ
### Член 26

Договорните страни се обврзуваат дека сите податоци/информации до кои имаат пристап, кои се означени како деловна тајна или утврдени како класифицирана информација, ќе ги штитат и нема да ги откриваат и ќе ги користат исклучиво за потребите и во функција на предметот на овој Договор.

Добавувачот се обврзува да обезбеди, сите лица кои ќе бидат ангажирани од негова страна да ги почитуваат обврските од овој Договор.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Договорните страни се обврзуваат дека ќе се придржуваат кон прописите за безбедност на информации односно за заштита на личните податоци.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### Член 27

Овој договор влегува во сила на денот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки и тендерската документација.

### Член 28

Овој Договор е склучен во 5 (пет) еднакви примероци од кои 3 (три) примерока за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

Договорните страни го прочитаа догворот и истиот го прифаќаат и без забелешки го потпишуваат и заверуваат со службените печати и штембили.

**за Договорен орган,**
**Набавувач**
**Основен суд Виница**
**Претседател на судот,**
**Сузана Спасова**

_________________________

Република Северна Македонија · Основен суд · Виница

**за Носител на набавката,**
**Добавувач**
**НЕОКОМ АД Скопје**
**Генерален директор,**
**Владислав Попов**

_________________________

Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје